УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

# З Б О Р Н И К

## НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА „ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА“



ШТИП, 2016

**ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

**НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА**

**„ ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА “**

(одржана на ден **7.10.2016** година, Факултет за образовни науки, Штип)

2016, Штип

**За издавачот:**
проф. д-р Соња Петровска, декан

**Издавачки совет:**
проф. д-р Блажо Боев
проф. д-р Дејан Мираковски
проф. д-р Кирил Барбареев

**Уредувачки одбор – Editorial Board:**
проф. д-р Снежана Јованова Митковска
проф. д-р Снежана Мирасчиева
проф. д-р Кирил Барбареев
доц. д-р Даниела Коцева
доц. д-р Ирена Китанова

**Јазично уредување - Language Editor:**
Весна Ристова (македонски јазик)
м-р Снежана Кирова (англиски јазик)

**Дизајн на корица - Design:**
проф. д-р Никола Смилков

**Техничко уредување – Technical Editing:**
доц. д-р Даниела Коцева
доц. д-р Ирена Китанова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

37.011.3-051 (082)

ПРЕДИЗВИЦИТЕ и перспективите на учителската професија:
научно-стручна трибина: (одржана на ден 7.10.2016 година, Факултет
за образовни науки, Штип) / [уредувачки одбор Снежана
Јованова-Митковска ... и др.]. - Штип: Универзитет „Гоце Делчев“,
Факултет за образовни науки, 2016. - 136 стр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите. - Abstract

ISBN 978-608-244-365-2

а) Учителска професија - Зборници
COBISS.MK-ID 102229002

**СОДРЖИНА**

Предговор ...........................................................................................................................6

Снежана Јованова – Митковска
ДА СЕ БИДЕ УЧИТЕЛ!.........................................................................................................7

Оливер Цацков
УЧИТЕЛОТ - ЛИЧНОСТ ШТО ТРЕБА ДА СЕ СЛЕДИ И ПОЧИТУВА...................................12

Снежана Мирасчиева, Емилија Петрова Ѓорѓева, Даниела Коцева, Ирена Китанова
ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ПРОФЕСИЈАТА УЧИТЕЛ ………..............17

Елена Ташкова, Лидија Камчева Панова, Страхил Газепов
ПРЕДИЗВИКОТ НА УЧИТЕЛОТ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО РЕФРАКТОРНИ АНОМАЛИИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП ……......................23

Снежана Јованова – Митковска, Билјана Попеска
ЕФЕКТИВНАТА, ЕФИКАСНА СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ - ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНКОТ ВО СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ...................................................................29

Даниела Коцева, Снежана Мирасчиева, Емилија Петрова Ѓорѓева, Ирена Китанова
ИНТЕРКУЛТУРНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ – ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА ..........................................................................37

Елизабета Симоновска
ВОСПИТУВАЧИТЕ И НАДАРЕНОСТА КАЈ ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА .............................42

Весна Димитрова
ВЛИЈАНИЕТО НА КРЕАТИВНАТА СРЕДИНА ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА ………………………………………………….....................................................44

Весна Ничева, Нада Арсова
КРЕАТИВНОСТ ВО НАСТАВАТА .........................................................................................49

Ирена Китанова, Емилија Петрова Ѓорѓева, Снежана Мирасчиева, Даниела Коцева
МОЖНОСТИ И ФОРМИ НА РАБОТА СО НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ……………………………………………………….......................................57

Верица Јосимовска
ИНОВАТИВНИ МЕТОДИ ВО УЧЕЊЕТО И ПРОУЧУВАЊЕТО НА ЧУВСТВИТЕЛНИ И КОНТРОВЕРЗНИ ИСТОРИСКИ ТЕМИ ……………………….............................................62

Драгана Кузмановска, Снежана Кирова, Биљана Иванова
ФРАЗЕОЛОГИЗМОТ ВО НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИК – ПРЕЧКА ИЛИ ПРЕДИЗВИК ……………………………………………………………………………………….................................66

Ленче Насев
УЛОГАТА НА СОВРЕМЕНИОТ НАСТАВНИК ВО НАСТАВАТА ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ …....................................................................................................73

Снежана Мирасчиева, Виолета Петкова
СОДРЖИНИТЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ПО БАЛЕТ ВО ОСНОВНИТЕ МУЗИЧКИ УЧИЛИШТА - ПРЕДИЗВИК ЗА УЧИТЕЛОТ…………………………….................................77

Билјана Попеска, Снежана Јованова – Митковска
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА BRAIN BREAK ВО УЧИЛИШТАТА ВО МАКЕДОНИЈА И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИСКУСТВАТА ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ...................................83

Ружица Коштанова, Катица Костова
МОДНИТЕ РЕВИИ ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ – ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНИКОТ.....................................................................................................................90

Емилија Петрова Ѓорѓева, Снежана Мирасчиева, Ирена Китанова, Даниела Коцева
ВИДОВИ АСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ МЛАДИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ……................95

Емилија Угриновска, Билјана Илиев
СПОСОБНОСТИТЕ НА НАСТАВНИКОТ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ СО ПСИХОСОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ ..........................................................................................100

Киро Јорданов
ДИСЛЕКСИЈАТА - ПРЕДИЗВИК НА 21 ВЕК …………………...........................................104

Трајче Стојанов
КАЛОКАГАТИЈА КАКО ВОСПИТЕН ИДЕАЛ ……………………………………….................118

Милена Ристова Михајловска
ПРЕКУ ХЕРМЕНЕВТИЧКИ ИНТЕРПРЕТАЦИИ И АНАЛИЗА НА ТЕКСТ, СРЕДНОВКОВНАТА КНИЖЕВНОСТ ПОБЛИСКУ ДО СОВРЕМЕНИОТ ЧИТАТЕЛ, УЧЕНИК И СТУДЕНТ ...........................................................................................................................124

Данче Николовска Вратеовска
СТИЛИЗИРАНИ ФАКТИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ЦИКЛУСИ И ПОТРЕБАТА ОД АНТИЦИКЛИЧНА МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА…………………………….................134

**УДК 316.723-021.463:37.011.3-051(497.7)**
**Прегледен труд**

## ИНТЕРКУЛТУРНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ – ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА

**Даниела Коцева[1], Снежана Мирасчиева[2], Емилија Петрова Ѓорѓева[3], Ирена Китанова[4]**
**[1,2,3,4] Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев"Штип**

**Апстракт:**
Образованието претставува општествен процес во кој младите членови на општеството стекнуваат знаења и вештини што се значајни за нивните идни активности во општеството. Образованието како огледало на општеството, заедно со воспитанието на поединецот му овозможуваат успешно да се вклучи во општествените и културните процеси. Под состојба на образованост се подразбираат следните елементи: основни знаења, интелектуални и мануелни способности, способност за расудување и мислење, идеали, ставови и мотивација, култивираност, смисла за општествена одговорност и пошироко разбирање на светот. Македонското општество е сложена мултикултурна, мултиетничка и мултирелигиозна средина. Воспитно-образовниот систем, од основното училиште до универзитетот, постојано треба да создава претпоставки за надминување на политичките, културните, верските и националистичките препреки, кои ги раздвојуваат и гетоизираат луѓето. Воспитно-образовниот систем мора да биде насочен кон формирање на толерантна, творечка и слободна личност во духот на демократијата, праведноста и толерантноста.
**Клучни зборови:** мултикултурни општества, интеркултурни компетенции, наставници, образование, воспитание.

## INTERCULTURAL COMPETENCES – A CHALLENGE FOR TEACHERS IN MULTICULTURAL SOCIETIES

**Daniela Koceva[1], Snezana Mirascieva[2], Emilija Petrova Gjorgjeva[3], Irena Kitanova[4]**
**[1,2,3,4] Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" Stip**

**Abstract:**
Education is a social process in which the young members of society gain knowledge and skills that are important for their future activities in the community. Education as a mirror of society together with upbringing enable an individual to successfully engage in social and cultural processes. The state of being educated refers to the following elements: basic knowledge, intellectual and manual abilities, reasoning and thinking, ideals, attitudes and motivation, refinement, sense of social responsibility and broader understanding of the world. Macedonian society is a complex multicultural, multiethnic and multi-religious environment. The educational system from primary school to university should constantly create preconditions for overcoming political, cultural, religious and nationalist barriers that separate and ghettoize people. The system of education must be directed towards the formation of a respectful, creative and free personality in the spirit of democracy, justice and tolerance.
**Keywords**: multicultural societies, intercultural competences, teachers, education, upbringing.

**Вовед**

Воспитно-образовниот систем, од основното училиште до универзитетот, постојано треба да создава претпоставки за надминување на политичките, културните, верските и националистичките препреки, кои ги раздвојуваат и гетоизираат луѓето. Воспитно-образовниот систем мора да биде насочен кон формирање на толерантна, творечка и слободна личност во духот на демократијата, праведноста и толерантноста.

Сѐ уште приматот за одржување и развој на стабилни, мирни и демократски општества го има образованието. Демократскиот напредок на општеството и резултатите од функционирањето на образовниот систем не се секогаш условени само од планирањето, раководењето и контролата на наставниот процес, туку зависат и од професионалните квалитети на наставниот кадар. Улогата на наставникот во современото училиште станува комплексна поради новите предизвици и задачи што се појавуваат пред образованието денес.

Компетенциите на наставниците се услов за успешно остварување на воспитно-образовните цели.

**Интеркултурни компетенции**

Компетенциите на наставниците се определени како збир од професионално знаење, вештини, способности, вредности и ставови, кои водат до ефективна дејност воспитно-образовниот процес. Според Џ.Бенет, интеркултурната компетентност претставува збир на когнитивни, афективни и бихевиорални вештини и карактеристики кои ја подржуваат ефективната и соодветна интеракција во различни културни контексти. Когнитивните вештини се однесуваат на културна самосвест, култура – генерални, општи знаења, култура – специфични знаења, интеракциска анализа. Афективните вештини ги определува низ: љубопитност, когнитивна флексибилност, мотивација, „отвореност на умот“. Бихевиоралните вештини се однесуваат на способноста за однесување во насока на: вештини за градење на врски и односи, бихевиорални вештини: слушање, решавање проблеми, емпатија, вештини за собирање информации. Интеркултурната компетенција е начин на живот во заедница со другите. Она што треба да го споделуваме на домашно и глобално ниво ја вклучува потребата од: познавање на сопствениот културен идентитет , ефективна комуникација со другите, развивање на знаење, вештини и вредности кои поттикнуваат разбирање, управување во контактот со другите, заедничко решавање на проблеми, работење со други културно различни. Бенет упатува на неколку сознанија за интеркултурната компетентност: знаењата за културата не мора да водат до компетентност, контактот во културата не мора да доведе до компетентност, туку до намалување на стереотипите, учењето на јазик исто така не е доволно за учење на културата. Развојот на интеркултурната компетенција Бенет ја гледа во: интенционален и развојно последователен дизајн на програмата; балансирање меѓу предизвиците и поддршката, намалување на анксиозноста; олеснување на учењето пред, за време и по интеркултурните искуства; јазична потопеност; обука за интеркултурна компетентност; негување на љубопитност и когнитивна флексибилност. Интеркултурната компетенција претпоставува воспоставување на интеракција и комуникација со припадниците на другите култури, усвојување на интеркултурни ставови, знаења и вештини, заради подобро разбирање и почитување на различните култури, усвојување на делотворно однесување во другите култури определено низ призмата на интеркултурната осетливост. За личност која е способна за медијација, интерпретација, аналитичко-критичко разбирање на

сопствената и туѓа култура, способна да го види, разбере и прифати односот меѓу различните култури велиме дека е интеркултурно компетентна личност.

Овој вид компетенции не се стекнуваат за кус временски период, туку се учат, се развиваат и се надоградуваат цел живот, особено преку култивирање интелектуални ставови и етички вредности, кои им овозможуваат на наставниците јасно да ја согледаат својата моќ и одговорност во општеството. Имплементацијата на концептот се фокусира на теоретско и на практично обезбедување инклузивна и креативна општествена клима за учење на меѓуетничката интеграција и комуникација во образовните институции, како и на фер третман во поглед на различните мислења и ставови. Со оглед на фактот дека училиштето е местото каде што социјално формалните ставови спрема другите етнички групи се учат и можат да се менуваат, напорите на просветните работници треба да бидат насочени кон совладување на вообичаеното верување дека сопствената култура е единствено правилна и природно коректна. Наставникот треба да ја познава својата култура, но и да изразува подготвеност да запознае други култури, да промовира еднаквост меѓу учениците и да презема различни активности и мерки против секаков вид дискриминација и говор на омраза.

Општо познато е дека професионалните компетенции на наставниците се градат на три основни нивоа: когнитивно (знаење), афективно (вредности) и прагматично ниво (вештини). Токму затоа кога зборуваме за градење и засилување на интеркултурните компетенции кај наставниците, треба да ја имаме во вид меѓусебната испреплетеност на знаењето, ставовите и вештините со кои треба да се одликува еден наставник за да може успешно да одговори на предизвиците настанати со промените и актуелните состојби во образованието.

Една од најзначајните интеркултурни компетенции на наставниците е неопходното знаење и разбирање на поимите: „идентитет“, „етницитет“, „култура“, „интеркултурализам“ и сл. Од неа сукцесивно се формираат професионални ставови што ја поттикнуваат отвореноста и љубопитноста кон другите култури.

Наставникот е важно да знае како неговите ученици напредуваат во и надвор од училиштето. Компетенциите што вклучуваат емоционални елементи, какви што се грижата, емпатијата, споделувањето радост, тага и сл., произлегуваат од афективниот домен, во овој домен се манифестира емоционалната интелегенција на наставникот. Овој домен е од особена важност за развој на интеркултурните компетенции кај наставниците. Не е ни малку лесно да се поучуваат деца што не и припаѓаат на културата на наставникот.

Интеркултурните компетенции на прагматично ниво се оние каде што наставникот преку личен пример на однесување може да ги покаже истите, преку почитување на достоинството на луѓето и почитување на етничките и културните разлики.

Имено, секој наставник во мултикултурна средина треба да ги поучува учениците да ги почитуваат другите култури исто како својата, да ги поттикнува учениците да стекнат искуство за култуните разлики на луѓето, но и за културните универзалии, да ги охрабрува учениците да се отворат едни спрема други, да си поставуваат заеднички цели и да се стремат кон нивно остварување, да им помага на учениците да се вклопат и активно да функционираат во мултикултурното општество.

Како дел од клучните интеркултурни компетенции на наставниците се сметаат: демонстрирањето на свесност за својата култура и развивање позитивен културен идентитет; демонстрирање прифатеност, адаптација и интеграција на етничка и културна различност во воспитно-образовниот процес; почитувањето на етничките/културните разлики меѓу учениците/колегите и воздржување од вреднување на културните особености

на различните; поттикнување на учениците за подобро меѓусебно запознавање и градење групна кохезија; промовирање на еднаквост меѓу учениците и прифаќање разлики; обезбедување рамноправен статус меѓу учениците, сите да се доживуваат како подеднакво вредни; разбирање на мислењата и чувствата на другите и согледување на работите од перспектива на другите; демонстрирање свест и почит за искуството, способностите, јазикот и културата на секој ученик; креирање атмосфера за заемно почитување и доверба меѓу учениците и можност за поголемо зближување и пријателство во текот на заедничките активности; развивање вештини кај учениците да ги применуваат концептите за човековите права во секојдневни ситуации; развивање вештини кај учениците да се справат со предизвиците на неправда и да преземаат акции за социјална праведност; развивање вештини кај учениците за иницирање демократски акции и промени; развивање вештини кај учениците за препознавање на етничките стереотипи и предрасуди кај себеси и кај другите и залагање за нивно надминување; преземање активности насочени против секаков вид дискриминација и говор на омраза; развивање вештини кај учениците за анализа и решавање конфликтни ситуации; користење методи на активно и искуствено учење кои промовираат мултикултурно учење (дијалог, дискусии, играње улоги, демонстрација и симулации, анализа на текстови и ситуации, драмски /театарски претстави); соработување со и вклучување на родителите и пошироката општествена заедница во градењето атмосфера на меѓусебно почитување и соработка.
Секако постојат и постојано се унапредува и зголемува бројот на интеркултурните компетенции кој во современото мултикултурно општество еден наставник треба да ги има и поседува, сè со цел да одговори на предизвиците на новото време, не занемарувајќи ја и комуникацијата, соработката и интеракцијата во унапредувањето на меѓуетничките релации меѓу учениците.

**Заклучок**

Од овде можеме да заклучиме дека интеркултурните компетенции на наставниците силно влијаат врз обезбедувањето позитивна атмосфера и соработка во училницата. Тие вклучуваат во себе голем број елементи, кои генерално се манифестираат преку личната идентификација, јазикот, мислата, комуникацијата, акциите, навиките и верувањата на наставниците. Меѓукултурните и меѓуетничките релации во образовниот систем на Р. Македонија природно и систематски ја нометнуваат потребата од конструктивна комуникација и интеракција во духот на современите образовни трендови, каде без соодветни компетенции на целокупниот кадар имплементацијата на истите не може да се замисли. Во тој контекст, интеркултурните компетенции на наставниците претставуваат клучен сегмент во градењето на капацитетите на нашето мултикултурно и мултиетничко општество во насока на негова интеграција.

**Користена литература:**


1. Ацески, И., (2000), Социологија,(второ изменето и дополнето издание), Скопје: Филозофски факултет
2. А., Хани (2014), Интеркултурно образование и воспитување во мултикултурни општества - Теорија за мултикултурализмот, Скопје: ТЦМЦ
3. В.П., С., М., (2013), Мултикултурализам и интеркултурна комуникација, Штип: Педагошки факултет

4. В. Петроска-Бешка, М. Најчевска, Н. Кениг, С. Балажи, А. Томовска (2009), „Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието“ Скопје: УНИЦЕФ
5. Mrse S., Petrovic D. Gosovic R. Jerotojevic M, (2007) Interkulturalno Obrazovanie I Razumevanje. Beograd: Grupa Most.
6. МЦГО, ЛОЈА (2015), Теоретски и практични погледи за примена на меѓуетничката интеграција во наставничките факултети, Проект за меѓуетничка интеграција во образованието